Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS

Примено на ден / Pranuar 09.10.2024

Организациска единица / Njësia organizative	Број / Numri	Прилог / Shtesë	Вредност / Vlera
	08-4025/1		

Број и архивски знак / Nr. dhe shenjë arkivore
Рок на чување / Afati i ruajtjes
Потпис / Nënshkrimi

рег. бр. 23.25.6.3 - 4855

ДО: ОПШТИНА СТРУГА
- Претседател на Советот на Општина Струга

Струга, 03.10.2024 година

ПРЕДМЕТ: Извештај, се доставува.-

Министерство за внатрешни работи

ОВР СТРУГА

ПСОН СТРУГА

Сс.КРСЈ Струга

Ул.„ЈНА" бб
Струга

Тел. (046) 782 575
Факс: (046) 781 489

www.mvr.gov.mk

Почитувани,

Во прилог на актот, Ви доставуваме Извештај со бр.290/2024 за состојбата во областа на криминалитетот, јавниот ред и мир и патниот сообраќај на подрачјето на Општина Струга, за периодот 01.01 – 30.06.2024 година.

ПРИЛОГ: Извештај

Со почит,

КОМАНДИР НА ПСОН СТРУГА
М-р АБДУЛКЕРИМ КАМБЕРИ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РСМ
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ СТРУГА
ПС ОД ОПШТА НАДЛЕЖНОСТ - СТРУГА

Ев.бр.290/ 2024

Врз основа на член 25 став 1 од Законот за полиција (Службен весник на РМ број 114/06) Командирот на ПС од Општа надлежност - Струга до Советот на Општина Струга доставува:

И З В Е Ш Т А Ј

За состојбата во областа на криминалитетот, јавниот ред и мир и безбедноста во патниот сообраќај на подрачјето на ПС од општа надлежност – Струга
За период од 01.01 .2024 до 30.06.2024 година

Октомври - 2024 година
С Т Р У Г А

Полициската станица од општа надлежност - Струга во период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година својата законска функција ја извршуваше во согласност со позитивните законски прописи во насока на создавање поволна безбедносна клима на подрачјето на својата надлежност и заштита на личната сигурност и имотот на граѓаните.

Динамиката на криминалитетот, туристичката сезона, обезбедувањето на културни манифестации, јавни собири и спортски натпревари беа главни индикатори во извршувањето на работите и работните задачи.

Потребно е да се нагласи дека во периодот на туристичката сезона како и за време на верските и новогодишните празници поради зголемен број на моторни возила во градот се јавува сообраќаен метеж и проблем со паркинг места.

Заради добивање појасна слика за безбедносната состојба, податоците во Извештајот ќе бидат претставени по вид на криминалитет, јавен ред и мир и безбедност на патниот сообраќај.

I

Состојба во областа на криминалитетот на подрачјето на ПС од општа надлежност - Струга за I-во полугодие 2024 година

Во периодот од 01.01.2024 до 30.06.2024 година на подрачјето на ПСОН Струга се регистрирани вкупно 160 (136) кривични дела при што бележиме зголемување за 18 % во споредба со минатата година.

Во текот на I-во полугодие 2024година поднесени се вкупно 91 (84) кривични пријави до Основно јавно обвинителство Струга, против 100 (91) лица, од кои нема малолетни лица додека во текот на I-во полугодие 2023 година биле 03 малолетни лица

Од вкупно регистрираните кривични дела вообичаено најголема е бројката

- од областа на класичниот криминалитет-вкупно се регистрирани 119 кривични дела,
- од областа на екопомскиот криминалитет-вкупно се регистрирани 14 кривични дела,
- од областа на организираниот криминалитет- регистрирано е 1 кривично дело
- од областа на недозволената трговија-вкупно се регистрирани 26 кривични дела.

*Забелешка: Броевите во заградата се однесуваат на состојбите во текот на I-во полугодие 2023 година

КЛАСИЧЕН КРИМИНАЛИТЕТ

►Од областа на класичниот криминалитет во период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година регистрирани се како 119 кривично дело, од кои 35 кривични дела со познат сторител и 84 кривични дела со непознат сторител, од кои 31 кривично дело е реализирано, односно откриен е сторителот.

►Кривични дела против животот и телото - регистрирани се вкупно 04 кривични дела и тоа:

- 03 КД „телесна повреда при вршење семејно насилство" по чл.130 ст.2
- 01 КД „тешка телесна повреда " по чл.131 ст.1 од КЗ.

►Кривични дела против слободите и правата - регистрирани се 03 кривични дела и тоа:

- 02 КД „загрозување на сигурноста" по чл.144 од КЗ.
- 01 КД „злоупотреба на лични податоци" по чл.149 од КЗ.

►Најголем број на регистрирани кривични дела се од областа на имотните деликти вкупно 73 дела и тоа:

- КД „кражба" предвидено во чл. 235 од КЗ - регистрирани се 30 кривични дела, од кои нема со познат сторител, додека сите 30 кривични дела се со непознат сторител, од кои реализирани (откриен сторител) се 05 кривични дела.
- КД „кражба на дрва повеќе од 1 метар кубен" по чл.235 ст.3 - во текот на прво полугодие регистрирано е 01 кривично дело, поднесена е 01 кривична пријава против 01 сторител .
- КД „тешка кражба" предвидено во член 236 од КЗ - вкупно се регистрирани 36 кривично дело, од кои со познат сторител нема, сите 36 кривично дело се со непознат сторител. Од нив вкупно реализирани се 10 кривични дела.
- КД „разбојништво" предвидени во член 237 од КЗ - регистрирано е 01 кривично дело, со непознат сторител
- КД „одземање на моторно возило" предвидено во член 242 од КЗ – регистрирано е 01 кривично дело
- КД „измама" предвидено по член 247 од КЗ - регистрирани се 04 кривични дела

►Од областа на кривични дела против општата сигурност на луѓето и имотот во текот на прво полугодие 2024 година, регистрирани се 03 кривични дела.

- 03 КД „предизвикување општа опасност " предвидено по член 288 од КЗ

►Од областа на кривични дела против безбедноста на јавниот сообраќај регистрирани се 23 кривични дела и тоа:

- 22 КД „загрозување на безбедноста на сообраќајот" предвидено во член 297 од КЗ
- 01 КД „тешки дела против безбедноста на луѓето и имотот во сообраќајот" предвидено по чл.300 од КЗ.

►Од областа на кривични дела против правосудството регистрирани се 05 кривични дела:

- 05 КД „лажно пријавување на кривично дело" предвидено во член 366 од КЗ

►Од областа на кривични дела против правниот сообраќај регистрирани се 04 кривични дела:

- 04 КД „фалсификување исправа" предвидено во член 378 од КЗ

►Кривични дела против јавниот ред регистрирани се 04 кривични дела и тоа:

- 03 КД „спречување службено лице во вршење службено дејствие" предвидено во чл.382 од КЗ-
- 01 КД „ насилство"- предвидено во чл.386 од КЗ.

ЕКОНОМСКИ КРИМИНАЛИТЕТ

Во областа на економскиот криминалитет во период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година регистрирани се 14 (17) кривични дела, што претставува намалување за 18 % во споредба со истиот период од претходната година. Поднесени се 14 (14) кривични пријави против 17 (16) сторители и 0 (01) правни лица.

Регистрираните кривични дела се:

► 03 кривични дела против животната средина и тоа:

-02 КД по член 225 „узурпација на недвижности" од КЗ.
-01 КД по член 229 „незаконит риболов" од КЗ.

► 10 кривични дела против имотот и тоа:

-09 КД по член 244-А „бесправно градење" од КЗ.
-01 КД по член 251 „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем" од КЗ.

► 01 кривични дела против службената должност

- 01 КД по чл.353-в „несовесно работење во службата" од КЗ.

НЕДОЗВОЛЕНА ТРГОВИЈА СО ДРОГА И ОРУЖЈЕ

►Од оваа област во период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година регистрирани се 26 (14) кривични дела, поднесени се 20 (12) кривични пријави до Основно јавно обвинителство во Струга против 24 (12) лица.

Од регистрираните дела,

- 25 кривични дела се од областа на недозволената трговија со дрога
- 01 кривични дела се од областа на недозволената трговија со оружје

ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛИТЕТ

► Во период од 01.01.2024до 30.06.2024 година регистрирано е 01 (01) кривични дела од областа на организираниот криминалитет. поднесени е 0 (01) кривични пријава до Основно јавно обвинителство во Струга против непознат сторител (01) лице.

*Забелешка: Бројвите во заградата се однесуваат на состојбите во текот на I-во полугодие 2023 година

II

Состојба во областа на Јавниот ред и мир и јавниот поредок на порачјето на ПС од општа надлежност - Струга во период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година

Во период од 01.01.2024 до 30.06.2024 година регистрирани се 87 (83) прекршоци санкционирани според ЗПППРМ, извршени од страна на 118 (104) сторители, против кои се поднесени 81 (82) барање за поведување на прекршочна постапка. Во однос на истиот период од претходната 2023година, бројот на прекршоци е исти 5 %, бројот на сторителите е зголемен за 13%, бројот на барањата за поведување на прекршочна постапка е зголемен за 1 %.

Според видот на прекршоците најзастапени се:

Вкупна бројка	Вид на прекршоци
28 прекршоци	Поради физички напад врз друго лице
09 прекршоци	Поради учествување, предизвикување или поттикнување друг на тепачка
04 прекршоци	Поради карање, викање или непристојно и дрско однесување
03 прекршоци	Оддавање на пијанство на јавни места
07 прекршоци	Омаловажување на државен орган
36 прекршоци	Останато

Според старосна структура, 03 прекршители се деца до 16 годишна возраст, 05 прекршители се малолетни лица од 16-18 годишна возраст, 07 прекршители се од 19-21 годишна возраст, 10 прекршители се од 22-25 годишна возраст и останатите 93 прекршители се над-25 годишна возраст, додека според полот, 99 лица се од машки пол и 19 од женски пол.

Според местото на извршување во град се предизвикани 55 прекршоци и во селски населби се предизвикани 32 прекршоци. Најмногу прекршоци се регистрирани на улица-46 прекршоци, 03 прекршоци се регистрирани во угостителски објекти и 38 прекршоци се регистрирани на останати места.

Од областа на заштитата на јавниот поредок и останатите закони регистрирани се вкупно 6 прекршоци и тоа: 01 прекршоци од Законот за оружје, 01 прекршоци од Закон за лична карта , 04 прекршоци од Законот за пријавување на живеалиште и престојувалиште на граѓани.

III

Состојба во областа на патниот сообраќај на подрачјето на ПС од општа надлежност Струга во период од 01.01.2024до 30.06.2024 година

Со цел одржување на безбедносната состојба во областа на сообраќајот во наведениот период од страна на Полициското одделението за безбедност на патниот сообраќајот-Струга беа преземани плански мерки и активности на превентивен и репресивен план спрема возила и возачи, а спроведувани беа и акциски контроли по разни основи (управување на моторни возила под дејство на алкохол, неприлагодување на брзината, неотстапување првенство па минување, непрописно престигнување и др.) како и зголемени мерки према други учесници во сообраќајот: пешаци, велосипедисти и моторциклисти околу почитувањето на сообраќајните правила и прописи.

Во периодот од 01.01.2024 до 30.06.2024 година на подрачјето на ПСОН Струга регистрирани се вкупно 112 (80) сообраќајни незгоди.

Од нив, 47 сообраќајни незгоди се случиле на отворен пат, додека 65 сообраќајни незгоди се случиле во населено место.

Со потешки последици се случени 65 (43) сообраќајни незгоди, од кои со загинати лица се 02 (01) сооб.незгода, со повредени лица се 63 (42) сообраќајни незгоди и само со материјална штета се 47 (20) сообраќајни незгоди. Потешко или полесно се повредени 102 (83) лица, додека 02 (01) лица го загубиле животот.

Причини за сообраќајните незгоди со потешки последици:

Вкупна бројка	Причини за сообраќајни незгоди
21 сообр. незгоди	Случени поради пребрзо возење
04 сообр. незгоди	Случени поради непочитување на првенство на минување
03 сообр. незгоди	Случени поради недржење страна и правец на движење
37 сообр. незгоди	Случени од останати причини

Во периодот од 01.01.2024 до 30.06.2024 година регистрирани се вкупно 1399 (1227) прекршоци, поднесени се 1367 (1198) барање за поведување на прекршочна постапка, против 1375 (1198) учесници во сообраќајот.

Во периодот од 01.01.2024 до 30.06.2024 година од вкупно издадени 3971 (4016) прекршочни платни налози, наплатени се 2103 (2330), од кои за констатирани прекршоци од ЗБСП издадени се 3750(3859) прекршочни платни налози, наплатени се 2031 (2293), а од ЗВ издадени се 221 (157) прекршочни платни налози, наплатени се 72 (37).

На превентивно – репресивен план од сообраќај исклучени се 195 (108) возила, 338 (215) возачи, контролирани се 26658 (30540) возила и исто толку возачи, времено се одземени 82 (78) возачки дозволи, алкотестирани се 945 (648) лица, земено крв и урина во 1 (1) случаи.

Поднесени се 23 кривични пријави за сторени 23 кривични дела против 23сторители, и тоа за 22 кривични дела „загрозување на безбедноста на сообраќајот" предвидено во член 297 од КЗ и 01 дела „тешки дела против луѓето и имотот во сообраќајот" предвидено по член 300 од КЗ.

*Забелешка: Броевите во заградата се однесуваат на состојбите во текот на истиот период од 2023 година

Командир на ПСОН Струга
Абдулкерим Камбери